**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МЕТОДИКА И ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-47/3 донесена на 117. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 30.1.2018 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области *методика и образование на наставници* во следниов состав:

– проф. д-р Весна Макашевска, редовен професор на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, Универзитет „Св Кирил и Методиј“, Скопје (претседател);
– проф. д-р Снежана Мирасчиева, редовен професор на Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип (член);
– проф. д-р Соња Петровска, редовен професор на Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 17 декември 2017 година.

Во предвидениот рок на Конкурсот се пријави еден кандидат - д-р Снежана Јованова-Митковска, вонреден професор на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на анализата на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Снежана Јованова-Митковска** е родена на 6.3.1969 година во Штип. Основното и средното образование (гимназија „Славчо Стојменски“, првите две години, а наредните две години од средното образование на воспитно-образовната насока при ПА „Гоце Делчев“ во Штип) ги завршува во родното место, со континуиран одличен успех по сите наставни предмети и воспитно-образовни подрачја.

Во учебната 1987/1988 година образованието го продолжува на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за педагогија, со статус на редовен студент. Во текот на студирањето на првиот циклус студии корисник е на стипендија за талентирани студенти од Министерството за образование и физичка култура. Студиите ги завршува на 28.6.1991 година и се стекнува со диплома за завршени студии со одличен успех на Институтот за педагогија.

По дипломирањето, д-р Јованова-Митковска континуирано работи на своите професионални компетенции со успешно завршување на неколку курсеви: курс за книговодители (5 години работи материјално и финансово книговодство во ППС „Мелита“ во Штип), курс за компјутери, курс по англиски јазик, курс по руски јазик.

Како член на НВО „МЗ АСТИБО“ - Штип работи на имплементација на проектни активности наменети за едукација на деца, млади, возрасни, од повеќе области. Координатор е на проектот „Вавилон“, проект кој се реализира во повеќе градови во Македонија во периодот од 1998 до 2003 година, како едукатор, обучувач за социјални вештини, новинарство, Street low, едукатор за дебата Карл Попер... Како обучувач и едукатор е ангажирана и во имлементација на други проектни активности, чии носители се претставници на други НВО.

Својот професионален профил кандидатката д-р Снежана Јованова-Митковска континуирано го збогатува со повеќе обуки, семинари, значајни за професијата што ја работи: Човекови и малцински права; Некомпетитивни игри; Комуникација со деца и

работни методи; Комуникација и конфликти; Разрешување конфликти; Градење на доверба, респект и соработка; Надминување на стереотипи и мултикултурализам; Креирање на групи; стратегии за пријателска поддршка; Стратегии за подобрување на интеретничките релации; Меѓуцентарска соработка и креирање на мрежи; Обуки за детски и младински дебати; Учиме право - street low; Универзитетска конференција за интеруниверзитетска соработка со посебен акцент на Универзитетот во Ница.

Студирањето на вториот циклус студии го продолжува на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет, УКИМ, Скопје, во 1997 година. Корисник е на стипендија од Министерството за наука во Скопје. Постдипломските студии ги завршува со полагање на предвидените испити во мај 2000 година. На 30.10.2000 година успешно го брани магистерскиот труд под наслов „*Микропедагошки аспекти на училишната интеракција*" и се стекнува со академски степен - магистер по педагошки науки.

Третиот циклус студии го оформува со одбрана на докторската дисертација на 29.1.2008 година под наслов „*Развојни стратегии и модел на работа во почетното математичко образование*" и се стекнува со академски степен - доктор по педагошки науки.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Снежана Јованова-Митковска универзитетска кариера ја започнува на 14 октомври 2002 година, кога со Одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" во Штип, а по претходно објавен конкурс, е избрана за помлад асистент по група педагошки предмети на Одделот за предучилишно воспитување. Во учебната 2002/2003 година е ангажирана во реализацијата на вежбите од предметот Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество на Одделот за предучилишно воспитание и Методика на настава по природа и општество на Одделот за одделенска настава.

На 18.11.2003 година со Одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" во Штип, д-р Снежана Јованова-Митковска е избрана за асистент по предметите: *Методика на воспитна работа* на Одделот за одделенска настава и *Методологија на истражувањето* на Одделот за предучилишно воспитание и Одделот за одделенска настава, во реализирање на практичните вежби од наведените предмети.

Во текот на 2004/2005 година во соработка со студентите од трета година и предметниот професор по *Методологија на истражување* работи на преводот на учебникот „Методологија на истражување" од Потконјак, Н. и Банѓур, В., извор кој студентите подолг временски период го користат за подготовка на испитот од наведениот предмет.

Во текот на 2004 година активно учествува на семинарите од областа на граѓанското образование реализирани од страна на МЦГО, Бирото за развој на образованието и УСАИД, одржани во Охрид и во Скопје. Активно и мошне стручно соработува во реализацијата на работилници со студентите од Педагошкиот факултет, а во соработка со Бирото за развој на образованието. Токму во врска со граѓанското образование е студискиот престој во Полска, реализиран во октомври 2004 година. Предмет на нејзиниот научен интерес во текот на студискиот престој е: *имплементација на граѓанското образование на педагошките факултети*.

Во 2005 година учествува како модератор при водење на сесиите на 3. Балкански конгрес, во организација на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" во Штип.

На 18.12.2006 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" во Штип, Јованова-Митковска повторно е реизбрана за асистент по предметите: *Методика на воспитна работа* на Одделот за одделенска настава и *Методологија на истражувањето* на Одделот за предучилишно воспитание и Одделот за одделенска настава во реализирање на практичните вежби од наведените предмети. Истовремено продолжува да ги реализира и вежбите од предметот *Методика на воспитно-образовна работа за природната и општествената средина* и практичните вежби од предметот *Методика на наставата по природа и општество* на Одделот за одделенска настава.

Во понатамошниот професионален и личен развој, д-р Јованова-Митковска интензивно работи на афирмација на својот профил преку успешно ангажирање во проекти кои имаат локално, национално и регионално значење.

Во 2006/2007 година д-р Снежана Јованова-Митковска работи како едукатор во реализацијата на работилници со наставници од различни средини на територијата на РМ на тема „*Современи техники и методи на работа*", проект кој се реализира во рамки на проектот „*Модернизација на образованието*", поднесен од страна на НВО Алгоритам центар - Скопје. Истовремено учествува и во изработката на прирачникот „*Современи техники и методи на работа*".

Во 2008 година е избрана за доцент за предметите од научната област педагогија: Методологија на педагошко истражување на Одделот за одделенска настава и Одделот за предучилишно воспитување и Методика на воспитно-образовната работа по природната и општествената средина на Одделот за предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Во периодот од 2008 до 2013 година Снежана Јованова-Митковска е ангажирана за реализација на наставата на прв циклус студии на повеќе факултети при УГД: Факултет за образовни науки (Оддел за одделенска настава и Оддел за предучилишно воспитување), Филолошки факултет (студиски програми: Македонски јазик, Германски јазик, Англиски јазик), Факултет за природни и технички науки (студиски програми: Биологија и Географија) за следниве задолжителни предмети: Методологија на педагошко истражување, Методика на воспитно-образовна работа по ПО 1, 2, 3, Методика на в.о.р. по математика 1, 2; како и за изборните предмети: Акциони истражувања, Математика низ игра, Детето истражувач на природата, Современи стратегии на учење и поучување (Филолошки факултет); Методика на работа во комбинирани паралелки (Филолошки факултет); Методологија на педагошко истражување (ФПТН). Изведува наставни активности и на вториот циклус студии на Факултет за образовни науки, Факултет за информатика (ФИ), Музичка академија (МА) за следниве задолжителни наставни предмети: Методологија на педагошко истражување, Современи тенденции во в.о.р. по ПО, Методичко планирање со практикум, Методика II (ФОН); Методологија на научно истражување (ФИ) Методологија на научноистражувачка работа (МА) и изборните предмети: Современи стратегии на учење и поучување, Акциони истражувања, Методика на развој на почетни математички поими, Развој на курикулум и методи во в.о. подрачје математика, Играме, истражуваме, твориме, Методички практикум (ФОН) и Стратегии на учење и поучување (ФИ). Исто така, реализира настава од наставниот предмет Методика на студиската програма за педагошка доквалификација.

Од учебната 2009-2010 година па до денес, д-р Снежана Јованова-Митковска активно учествува во развојот на курикулумот и реализацијата на наставата на втор циклус студии, на одделни студиски програми на Факултет за образовни науки, Музичка академија, Филолошки факултет, Факултет за информатика.

Во перидот помеѓу двата избора за доцент и за вонреден професор учествува на повеќе меѓународни симпозиуми, конгреси и конференции, во земјава и во странство, при што објавува поголем број стручни и научни трудови. Во реферaтот за избор во звање доцент и во рефереpатот за избор во звање вонреден професор е евалуирана целокупната активност на кандидатката (наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност) и истиот е објавен во Универзитетски билтен на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, бр. 104 од 17.6.2013 година.

Својот професионален ангажман го остварува и преку учество во реализација на проектни активности значајни за унапредување на квалитетот на образование на наставниците: Зајакнување на капацитетите за обука на идните наставници за работа во мултиетничка средина; Инклузивно образование - УНИЦЕФ, Градење на капацитетите за јазична и математичка писменост - УНИЦЕФ, Во светот на детето - НВО ОЖ Струмица, Современи методи во наставата, активно вклучување на учениците и поттикнување на нивната креативност- НВО-Витраж.

Учествува и во експертизата на неколку прирачници и упатства значајни за осовременување на образованието на наставниците (Универзитетски билтен бр.104/2103); била рецензент на неколку практикуми и на универзитетски учебник.

Кадидатката д-р Снежана Јованова-Митковска активно работи и во обласа академско промовирање на Педагошкиот факултет, како член на повеќе комисии и тела (факултетски, универзитетски, владини тела), а била и продекан на Факултет за образовни науки.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки бр. 2102-215/3 од 4.7.2013 година е избрана во звањето вонреден професор за наставно-научните области *методика* и *образование* на наставници при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

1. Вонреден професор во областа во која се избира – д-р Снежана Јованова-Митковска со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки (бр. 2102-215/3 од 4.7.2013 година) е избрана во звањето вонреден професор за наставно-научните области м*етодика и образование на наставници* при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни списанија или меѓународни публикации во последните пет години:

**Објавени трудови во меѓународни научни списанија во последниве пет години 2013-2017**

| Р. бр. | Автор на трудот | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списание |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Popeska, Biljana and **Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2014) | Draft Batery of Tests for Evaluation of Motor Abilities at 6 Years Old Children | Research in Kinesiology, 4 (1). pp. 15-21. ISSN 1857 – 7679 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12162 | 7 |
| | Mitevski, Orce and Popeska, Biljana and **Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2015) | Manifestation, Assessment and Development of Precissenes At 7 Years Old Children | Procedia - Social and Behavioral Sciences, 197. pp. 2276-2284. ISSN 1877-0428 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13754 | 5 |
| 3 | Popeska, Biljana and **Jovanova-Mitkovska, Snezana** and Barbareev, Kiril (2015) | Manifestation, Measurement and Assessment of Balance in 7 Years Old Children | Research in Kinesiology, 1 (43). pp. 115-121. ISSN 1857- 7679 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13274 | 7 |
| 4 | Попеска, Б, **Јованова-Митковска**, С. (2015) | Воспитно-образовните вредности на спортско-рекреативните екскурзии наменети за студентите | Просветно дело - Списание за педагошки прашања, 3, стр.57-73 ISSN 0350-6711 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15459 | 62 |
| 5 | **Jovanova-Mitkovska, S.** (2015) | Preschool education-condition and challenges | Philosophica, International Journal of social and human sciences, vol.2, no.3-4, 2015, pp.74-82 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9327 | 5 |
| 6 | Popeska, B., & **Jovanova–Mitkovska,** S. (2016) | Integration and correlation concepts in physical education | Research in Kinesiology, 44(2), 257 – 261 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17151 | 7 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7** | **Jovanova – Mitkovska, S**., & Popeska, B. (2016) | Management with time, academic obligation and possibilities for active break for the teaching staff at the Faculty of educational sciences at Goce Delcev University in Stip-Macedonia | Activities in Physical Education and Sport, 6(2), 257 – 260. http://eprints.ugd.edu.mk/17148/ | **7** |
| **8** | **Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2016) | Професионалните знаења и компетенции на наставниците по физичко воспитување | Pedagogical magazine, 7 (1-2). pp. 5-12. ISSN 2545-4307 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18804 | **5** |
| **9** | **Jovanova-Mitkovska, S.,** & Popeska, B. (2016) | Inclusiveness - an indicator for quality education | International Journal Knowledge, pp.29-32, vol.12.1, ISSN 1857-92 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17195 | **8** |
| **10** | Popeska, B., & **Jovanova–Mitkovska, S**. (2016) | Integration and correlation between the contents of teaching subjects - physical education and society in primary teaching | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 12.1, pp. 57-63. ISSN 1857-92 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17194 | **8** |
| **11** | Popeska, B., **Jovanova–Mitkovska,S.,** Dimkov,T.,& Smilkov, N. (2016) | Conditions and perspectives of university sport in Macedonia and other Balkan countries with emphasis of Goce Delcev University in Stip | International Journal Knowledge Vol. 13.3 pp. 417 – 42 ISSN 1857-92, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17193 | **8** |
| **12** | Popeska, Biljana and **Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2017) | Traditional games in primary school curriculum | International Journal Knowledge, 16 (4). pp. 1548-1555. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=18860#t | **8** |
| **13** | **Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2017) | Teaching of natural sciences and society and her implementation in the combined classes | International Journal Scientific Papers, 16.4. pp. 1526-1532. ISSN 1857-923X http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18885 | **8** |
| **14** | Gulevska, V, Tasevska, A., **Jovanova-Mitkovska, S.,** Makasevska, V., Ahmeti, K., Brajovikj, J., (2017) | Strengthening the pre-service teacher training system in a multi-ethnic society | Russian Psychological Journal in 2017, Vol. 14.no.4 | **10** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **15** | Popeska, B., Dimkov, T., **Jovanova-Mitkovska, S**.(2017) | Students interest for wrestling and other martial arts and possibilities for their implementation in physical and health education in primary school curriculum | Research in Kinesiology, 45 (2). pp. 148-151. ISSN 1857- 7679 https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=18865#t | **7** |
| **16** | Popeska, Biljana and Barbareev, Kiril and Janevik-Ivanovska, Emilija and **Jovanova-Mitkovska, Snezana (2017)** | *Students' interest for sport and recreation at Goce Delcev University - Stip, depending the selected Faculty* | New Trends and Issues Proceedings on Humanities and Social Sciences, 3 (1). pp. 439-451. ISSN 2421-8030, Selected papers -WCES, 2016 | **5** |

**Објавени трудови во меѓународни публикации (зборници од меѓународни конференции)**

| **Р. бр.** | **Автор на трудот** | **Наслов на трудот** | **Меѓународна публикација** | **Години на излегување на зборник** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Jovanova-Mitkovska, Snezana** and Popeska, Biljana (2014) | Multiculturalism and interculturalism in education | Proceedings of 9 th International Balkans Educaion and Science Congress, pp. 895-902 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12200 | **9** |
| **2** | **Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2014) | Self-evaluation in pre-school - situation, challenges | Proceeding of 9th international Balkan Education and Science Congress, Edirne.pp. 902-908 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12168 | **9** |
| **3** | **Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2014) | Како да ја унапредам сопствената наставна практика? | Современото воспитание и образование -состојби, предизвици и перспективи. ISSN 978-4608-242-001-1, pp 69-75 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12210 | **5** |
| **4** | **Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2015) | Mentor teacher - competences, role, challenge | "Practicum of future pedagogues teachers and kindergarten teachers in multicultural environments-experiences and challenges" : 27-29 November, 2014, Skopje – Skopje, Faculty of Philosophy, 2015, pp. 404-413 Skopje, Macedonia. ISBN 978-608-238-086-5, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15250 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5** | **Jovanova-Mitkovska, Snezana**, Popeska, Biljana, Smilkov Nikola (2015) | Practical teaching at the faculty of educational sciences-sometimes, today at future | "Practicum of future pedagogue's teachers and kindergarten teachers in multicultural environments-experiences and challenges": 27-29 November, 2014, Skopje. - Skopje: Faculty of Philosophy, 2015. pp 101-114 Skopje, Macedonia. ISBN 978-608-238-086-5 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15248 | |
| **6** | **Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2015) | Професионални компетенции на воспитувачите | Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија: Зборник на трудови. pp. 6-12. ISSN 978-608-242-021-9 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15251 | **5** |
| **7** | **Jovanova-Mitkovska, S** (2015) | Research in teaching practice | МЕЃУНАРОДНА научна конференција (2015; Штип). Образованието во XXI век [Електронски извор] : состојби и перспективи : книга на апстракти / Меѓународна научна конференција, Штип, 24-25 септември 2015, pp. 316-324, ISBN 978-608-244-275-4 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15255 | **5** |
| **8** | **Jovanova, Mitkovska, S, Popeska, B.** (2015) | Compatibility of preschool and primary schoool curricula in R. Macedonia | МЕЃУНАРОДНА научна конференција (2015; Штип). Образованието во XXI век [Електронски извор] : состојби и перспективи : книга на апстракти / Меѓународна научна конференција, Штип, 24-25 септември 2015, pp. 366-376, ISBN 978-608-244-275-4 http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/ugd/vesti-12/54... | **5** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **9** | **Jovanova-Mitkovska, Snezana** and Bocvarova, Jadranka and Smilkov, Nikola and Pasterk, Olivera (2016) | *Intercultural Medical Communication in Europe–IMED-COMM-EU* | TOI TOI TOI Guidelines.,pp 59-64 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17126 | |
| **10** | **Јованова-Митковска Снежана** (2016) | Техники на учење во високо школската настава | Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија: Зборник на трудови. pp. 30-35. ISBN 978-608-242-037-0 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17192 | **5** |
| **11** | **Јованова-Митковска Снежана** (2016) | Социометриски истражувања-потреба, значење | Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија: зборник на трудови. pp. 67-73. ISBN 978-608-242-037-0 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17191 | **5** |
| **12** | **Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2016) | What kind of a mentor teacher do we want? | 10th International Balkan Education and Science Congress on the topic of “Educatıon and globalızatıon”. pp. 278-287. ISSN ISBN 978-9989-823-64-0 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17196 | **5** |
| **13** | **Jovanova-Mitkovska, S.,** & Popeska, B. (2016) | Correct time management - condition for greater efficiency | In Proceeding book of 10th International Balkan Education and Science Congress on the topic of “Educatıon and globalızatıon”. (pp. 269-277). ISSN ISBN 978-9989-823-64-0 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17197 | **10** |

Во изборниот период од 2013 до 2017 година е ангажирана за изведување на наставата на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки (ФОН) за следниве задолжителни предмети: Методологија на педагошко истражување, Методика на воспитно-образовна работа по математика 1, 2; Методика на настава по ПО 1, 2; како и за изборните предмети: Акциони истражувања, Современи стратегии на учење и поучување; Факултет за природни и технички науки (ФПТН) (студиска програма биологија, географија) - изборен предмет Методологија на педагошко истражување; Филолошки факултет (ФФ) (студиска програма Турски јазик) - Методологија на научноистражувачка работа - изборен предмет; Факултет за информатика (ФИ) (студиска програма Математика) - Методологија на истражување во образованието, изборен предмет; Ликовна академија (ЛА) (студиска програма Класично сликарство), Методологија, Педагогија и на Музичка академија (МА) - Методологија на истражување во воспитанието и образованието, изборен предмет.

Ангажирана е за реализација на наставни активности на втор циклус студии на Факултет за образовни науки (ФОН) за задолжителниот предмет Методологија на научно истражување; на Музичка академија (МА) за Методологија на научноистражувачка работа - задолжителен предмет; на Факултет за информатика (ФИ) за наставните предмети Методологија на истражување во воспитанието и образованието; Стратегии на учење и поучување - изборни предмети.

Ангажирана е и за реализација на наставата за трет циклус студии за студиските програми: Училишна педагогија и Воспитание и образование во раното детство за наставните предмети: Методологија на научната работа и Истражувања во раното детство.

Учествува и во реализацијата на наставата на програмата за стручно и професионално усовршување на наставниците-стекнување на педагошко-психолошка и методичка подготовка. Ангажирана е за предметот Методика.

Кандидатката д-р Снежана Јованова-Митковска својата научно истражувачка работа ја презентира на домашни и на странски конференции, симпозиуми и трибини, релевантни за нејзините области за проучување. Објавува повеќе научни и стручни трудови во домашни и во меѓународни научни и стручни списанија и публикации.

Анализирајќи го научноистражувачкото творештво на кандидатката д-р С. Јованова-Митковска воочуваме иницирање, третман, анализа, критичка обработка на современи педагошки проблеми. Користената референтна литература, заклучоците и посочуваните предлози се во насока на јакнење и унапредување на едукативната дејност на учениците, наставниците.

***Евалуација на начните и стручните трудови објавени во последниот изборен период***

**Јованова-Митковска, С.** (2014). Курикулум, наставни содржини, можни промени, Тематски зборник за научног скупа *„Савремене тенденције у наставним и ваннаставним активностима на учитењским (педагошким) факултетима“*, Врање: Универзитет у Нишу, Учитељски факултет у Врању, стр.109-122. ISBN 978-86-6301-011-6. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9289

Студиските програми, предметните програми, нивната структура на факултетите за едукација на наставници во Република Македонија, нивното креирање, примената на различните пристапи во нивното дизајнирање, препреките на кои се наидува, сличностите и разликите кои постојат помеѓу предметните програми, компетенциите на наставниците за 21 век се предмет на елаборација на овој труд.

Попеска, Б, **Јованова-Митковска, С.** (2014) Како до бољег холистичког приступа у едукацији предшколске дјеце? *Наше стварање*, Зборник радова са 10. Симпозијум са међународним учешћем „Васпитач у 21. веку“, 28-29 March 2014, Сокобања, Србија, бр.14, стр. 150-163, URL. http://media.vsvaspitacka.edu.rs/2017/10/Nase-stvaranje-14.pdf, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12170

Предмет на анализа во трудот се програмите за остварување на воспитно-образовната дејност во предучилишните установи, нивната усогласеност со стандардите за развој во раното детство, конкретно се анализирани образовните подрачја природа и општество како централно подрачје чии содржини се база, основа за интеграција и корелација со други образовни подрачја и програмите од ФЗО. Во трудот се презентирани и конкретни примери за корелација и интеграција на наведените подрачја.

Popeska, Biljana and **Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2014). Draft Batery of Tests for Evaluation of Motor Abilities at 6 Years Old Children, Research in Kinesiology, 4 (1). pp. 15-21. ISSN 1857 – 7679, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12162

Во трудот се презентирани резултати од испитување реализирано на примерок од шестгодишни испитаници во Република Македонија со намера да се испитаат метриските карактеристики на батерија тестови наменети за проценка на моторичките способности кај децата на шестгодишна возраст. Врз основа на резултатите од испитувањето се предлага батерија од 16 теста кои ги задоволуваат метриските карактеристики за евалуација на моторичките способности кај децата на оваа возраст.

**Jovanova-Mitkovska, Snezana** and Popeska, Biljana (2014) Multiculturalism and interculturalism in education. Proceedings of 9 th International Balkans Educaion and Science Congress, pp. 895-902 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12200

Како клучни комоненти на квалитетното образование, мултикултурализмот и интеркултурализмот и нивната имплементација во образовниот процес се предмет на проучување во овој труд. Реализираното проучување, т.е анализираните наставни планови и програми, конкретно анализираните цели, содржини и очекувани резултати на конкретни наставни предмети во одделенската настава и врз тие основи изведените заклучоци одат во правец на понуда на предлози/решенија кои се однесуваат на јакнење на овие суштински чинители на квалитетното образование.

**Jovanova-Mitkovska, Snezana (**2014) Self-evaluation in pre-school - situation, challenges. Proceeding of 9th international Balkan Education and Science Congress, Edirne.pp. 902-908 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12168

Предмет на елаборација во овој труд е самоевалуацијата како интегрален механизам кој придонесува за подобрување на квалитетот на институциите за деца од предучилишна возраст, механизам кој доведува до тоа практичарите да ја разберат, модифицираат и развијат сопствената пракса. Како се изведува самоевалуацијата, кои се најчести применети техники и инструменти, кои се проблемите и тешкотиите со кои се среќаваат практичарите во тој процес, кои се нивните искуства, нивните предлози и предизвици, ни покажуваат резултатите од емпириското истражување, поместени во овој труд.

**Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2014) Како да ја унапредам сопствената наставна практика? Современото воспитание и образование-состојби, предизвици и перспективи. ISSN 978-4608-242-001-1, pp 69-75 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12210

Во трудот се истакнати насоките за тоа како и каде да се бара одговорот на бројни клучни прашања: кој, како, на кој начин, кога, каде, со што може да придонесе за поголема ефикасност, ефективност на воспитно-образовниот, наставниот процес, т.е. како да се унапреди сопствената наставна пракса? Како и дали може тоа да се постигне со постојано преиспитување на сопствената работа, со поставување на нови и нови прашања на кои по пат на истражување, проучување може да се даде соодветен одговор? Дали самостојно можат да изведат истражување? Каква е и каква може да биде улогата на учителот во тој истражувачки процес? Зошто е важно за нив, за нивните ученици? Зошто е важно за другите наставници, за општеството во целина?..

**Јованова-Митковска, Снежана** (2014) Стручни, научни трудови - методолошки упатства стручен труд. Воспитание - списание за образовна теорија и практика, 9 (13). pp. 55-67. ISSN 1857- 8705, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12169

Идентификацијата на стручни научни трудови, методолошките правила кои треба да се почитуваат при пишувањето на стручните трудови, семинарски работи, се предмет на елаборација на овој труд. Истиот им нуди своевидна помош на студентите во стекнување и унапредување на знаењата и вештините за пишување на стручни текстови кои ќе им овозможат брзо и ефикасно извршување на нивните обврски во текот на студирањето а и подоцна, во нивната кариера и нивниот професионален и кариерен развој.

**Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2014) *How preschool children learn math? Book of papers from: Education Across Borders - 2nd International Conference "Critical Thinking in Education"*, 31 Oct - 01 Nov 2014, Korce, Albania., pp. 462-472, ISBN 978992814619, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12171

Во трудот авторот презентира теоретска експликација и емпириско расветлување на неколку клучни прашања поврзани со начинот на кој децата од предучилишна возраст учат математика, т.е. дава одговор на прашањата: На кој начин се развиваат, формираат почетните математички поими? Како се усвојува математичката терминологија? Кои методички приоди, стратегии ги применуваат воспитувачите? Што треба да се промени?

Mitevski, Orce and Popeska, Biljana and **Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2015) Manifestation, Assessment and Development of Precissenes At 7 Years Old Children, Procedia - Social and Behavioral Sciences, 197. pp. 2276-2284. ISSN 1877-0428 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13754

Авторите во овој труд прават обид преку примена на соодветна батерија на тестови, преку примена на прецизни статистички проценки, да ги утврдат метриските карактеристики на инструментите за прецизно одредување на оваа моторичка способност. Резултатите од истражувањето се во насока на коригирање на постојните тестови и нивно унапредување.

Popeska, Biljana and **Jovanova-Mitkovska, Snezana** and Barbareev, Kiril (2015) Manifestation, Measurement and Assessment of Balance in 7 Years Old Children. Research in Kinesiology, 1 (43). pp. 115-121. ISSN 1857- 7679 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13274

Авторите на овој труд врз основа на резултатите од реализирано истражување, базирано на примена на батерија на тестови за испитување на манифестацијата и рамнотежата кај деца од седумгодишна возраст, упатуваат на примена на најсоодветните тестови, со високи метриски карактеристики насочени кон детално утврдување и развој на оваа способност.

**Јованова-Митковска, С**. (2015). Професионалните улоги и предизвици на воспитувачот во современото општество, Зборник на трудови од Научно-стручна трибина „Наставникот - некогаш, денес, утре" (одржана на 5.10.2013), pp. 29-37. ISBN 978-608-244-116-0, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15252

Во трудот авторот се обидува да расветли неколку прашања поврзани со компетенциите и професионалниот развој на еден од клучните актери во воспитно-образовниот процес, воспитувачот, неопходни за успешно справување со препреките, предизвиците со кои се соочува во современото општество во насока на негов развој во општество кое постојано се развива, општество кое учи.

**Јованова, Митковска, С**. (2015) Каков наставник сакам да бидам? Зборник на трудови од научно-стручна трибина „Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век", 3.10.2014. Факултет за образовни науки, Штип. ISBN 978-608-244-245-7, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17575

Прашањата за ликот на наставникот, неговата едукација, неговата компетентност се прашања кои постојано се поставуваат и кај младите луѓе кои се одлучуваат за оваа професија, кај креаторите на образовната политика, кај сите заинтересирани чинители за квалитет за образовниот, наставниот процес, т.е. каков наставник сакам да бидам, каков наставник посакуваме? Авторот во трудот презентира теоретска и емпириска експликација на клучните индикатори поврзан со ликот, улогата, компетенциите на оваа најзначајна фигура во светот на детет, ученикот.

Попеска, Б, **Јованова-Митковска**, С. (2015) Воспитно-образовните вредности на спортско-рекреативните екскурзии наменети за студентите. Просветно дело - Списание за педагошки прашања, 3, стр.57-73 ISSN 0350-6711 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15459

Организацијата на оваа и значајна форма на воспитно-образовна работа на сите степени на образование, нејзината имплементација на универзитетско ниво е предмет на елаборирање на овој труд. Резултатите од реализираното емириско истражување се во насока на истакнување на потребата од организација на ваков тип екскурзии, а предложени се и начини на нивна имплементација во студиските програми на наставничките факултети.

**Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2015). Mentor teacher - competences, role, challenge" Practicum of future pedagogues teachers and kindergarten teachers in multicultural environments-experiences and challenges": 27-29 November, 2014, Skopje. – Skopje, Faculty of Philosophy, 2015, pp. 404-413 Skopje, Macedonia. ISBN 978-608-238-086-5, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15250

Идентификацијата на клучните компетенции, критериумите за избор на наставник ментор, нивните улоги и предизвици се предмет на елаборација на овој труд. Авторот успешно ги одгатнуваат компетенциите на сите актери кои ја сочинуваат триадата во реализацијата на практичната настава.

**Jovanova-Mitkovska, Snezana**, Popeska, Biljana, Smilkov Nikola (2015). Practical teaching at the faculty of educational sciences-sometimes, today at future. "Practicum of future pedagogue's teachers and kindergarten teachers in multicultural environments-experiences and challenges": 27-29 November, 2014, Skopje. - Skopje: Faculty of Philosophy, 2015. pp 101-114 Skopje, Macedonia. ISBN 978-608-238-086-5 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15248

Во трудот низ теоретска елаборација на поставеноста, третманот и имплементацијата на практичната настава на наставничките факултети од 1994-2014 година авторите ги презентираат и своите визии, планови за нејзиниот третман во сегашноста, иднината.

**Jovanova-Mitkovska, Snezana** (2015) Професионални компетенции на воспитувачите. Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија: Зборник на трудови. pp. 30-35. ISBN 978-608-242-037-0 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15251

Елаборирајќи го проблемот со компетенциите кои треба да ги поседуваат воспитувачите во современото општествено живеење, имајќи ги предвид предзвиците со кои се соочуваат истите во ера на иновации, технологија, нови стратегии и сл., презентирани се неопходните методолошки компетенции кои треба да ги поседува секој современ воспитувач.

**Jovanova-Mitkovska, S** (2015) Research in teaching practice. Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција Образованието во XXI век, 24-25 септември 2015, Штип: pp. 316-324, ISBN 978-608-244-275-4 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15255

Во трудот се презентирани теоретски согледувања кои се однесуваат на улогата и значењето на емпириските, применети истражувања во воспитната пракса. Презентирани се и резултатите од реализираното истражување на примерок сочинет од наставнички кадар од првиот и дел од вториот циклус на основно деветгодишно образование, насочено кон испитување на нивните ставови и мислења кои се однесуваат на придонесот од примената на овој вид истражувања насочени кон развој на воспитно-образовната и наставната пракса.

**Jovanova, Mitkovska, S, Popeska, B.** (2015) Compatibility of preschool and primary schoool curricula in R. Macedonia, Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција Образованието во XXI век, 24-25 септември, 2015, Штип: pp. 366-375, ISBN 978-608-244-275-4, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15163

Споредбената анализа на програмите во насока на темелно разбирање на нивните сличности и разлики, во насока на нивно подобрување и олеснување на вертикалната мобилност на децата, учениците од предучилишното кон основното образование е предмет на проучување во овој труд**.**

**Јованова-Митковска С**. (2015). Креирање на стимулативна средина за учење и развој, Во Зборник на трудови од Научно-стручна трибина „Учителот и средината за учење и развој“, 2.10.2015 г. (стр. 67-75) Штип: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ ISBN 978-608-244-364-5 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18886

Физичкиот, дидактички и методолошки добро структурираниот простор, менаџирањето со времето, програмите, како клучни предуслови кои директно влијаат на способноста за учење, посебно креирањето на стимулативната и креативна средина за учење на математика е предмет на елаборација во овој труд.

**Jovanova-Mitkovska, S.** (2015) Preschool education-condition and challenges Philosophica, International Journal of social and human sciences, vol.2, no.3-4, 2015, pp.74-82, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9327

Во трудот се елаборираат проблемите, условите, предизивиците со кои се соочува предучилишниот воспитно-образовен систем. Елаборирани се неколку клучни прашања кои се однесуваат на програмата за рано учење и развој; Дали наставниците, воспитувачите се „најдобрите“ професионалци? Дали детето е актер на сопствениот развој? Каква е и каква треба да биде средината за учење и развој? Каква е и која е улогата на родителите? Каков е начинот на евалуација? Каков професионален развој на воспитувачите им е потребен?..

Popeska, B., & **Jovanova–Mitkovska,** S. (2016). Integration and correlation concepts in physical education Research in Kinesiology, 44(2), 257 – 261 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17151

Интеграциско корелацискиот концепт, неговата промоција во насока на обезбедување на услови и можности за холистички развој на единката се нешто кон коешто се стремиме во образовната пракса. Во трудот се презентирани можности за имплементација на овој концепт, имајќи го предвид физичкото и здравственото воспитание и образование во одделенската настава.

